РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-412/2
24-02-2026

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива Државната комисија за спречување на корупцијата на 28-та седница одржана на ден 17.02.2026 година донесе

***Одлука***

Постапката по предметот со број 08-2812/1 од 20.10.2025 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Предметот со број 08-2812/1 од 20.10.2025 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 08-2812/1 од 20.10.2025 година е оформен по сопствена иницијатива, од причина што Државната комисија за спречување на корупцијата по извршениот увид во својата евиденција констатирала дека лицето ______________ во законски предвидениот рок по избор и по престанок на функцијата директор на ________________________, не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата. Поради тоа, на колегиумот одржан на ден 20.10.2025 година Државната комисија за спречување на корупцијата донела заклучок да иницира прекршочна постапка против именуваното лице, за сторен прекршок по член 82 став 1 и член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.

ДКСК на ________________ му издаде прекршочен платен налог со бр.08-2812/5 од 25.12.2025 година за сторен прекршок по член 82 став 1 од Законот за спречување на

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

корупцијата и судирот на интереси казнив по член 109 од истиот Закон и прекршочен платен налог со бр.08-2812/7 од 25.12.2025 година за сторен прекршок по член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси казнив по член 109 од истиот Закон, по што истите се уредно примени со датум 26.12.2025 година и потпис на прием.

Истиот на ден 31.12.2025 година извршил уплата на половина од законски предвидената глоба во рок, видно од Изводот на промет и состојба на сметка, изваден од e-obvrski@finance.gov.mk Министерство за финансии, како доказ за иврешена уплата.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: К.Б, помлад соработник
Контролирал: м-р Н.Т-М, раководител на одделение
Согласен: К.З, раководител на сектор
Одобрил: З.Б., член